**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1403- 505/9**
**Скопје, 27.11. 2008 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА БИТОЛА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Општина Битола, Сметка за донации – Кофинансирање на програмата за култура во 2007/2008 година - донација од Министерот за развојна соработка на Холандија, за 2007 година, прикажани на страна 3 и 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Сметката за донации – Кофинансирање на програмата за култура во 2007/2008 година - донација од Министерот за развојна соработка на Холандија, за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Владимир Талески, градоначалник на општина Битола во 2007 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овие извештаи е планирана и извршена на 30.07.2008 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива, и
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.



***Овластен државен ревизор***

________________________

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се заснова на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансискиот извештај и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Сметката за донации – Кофинансирање на програмата за култура во 2007/2008 година - донација од Министерот за развојна соработка на Холандија 2007 година и резултатот од финансиските активности за периодот кој завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење, кај Сметката за донации – Кофинансирање на програмата за култура во 2007/2008 година - донација од Министерот за развојна соработка на Холандија остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

**Скопје,14.11.2008 година** **Овластен државен ревизор**

## СМЕТКА НА ДОНАЦИЈА НА ОПШТИНА БИТОЛА

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| **Донации од странство** | 3.1. | 606 | 0 |
| **Вкупно приходи** | | **606** | **0** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 605 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **605** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **605** | **0** |

Образложенијата на страните од 5 и 6 се составен дел на финансиските извештаи


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

## СМЕТКА НА ДОНАЦИЈА НА ОПШТИНА БИТОЛА

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 1 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1** | **0** |
| **Вкупна актива** | | **1** | **0** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1 | 1 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **1** | **0** |
| **Вкупна пасива** | | **1** | **0** |

Образложенијата на страните од 5 до 6 се составен дел на финансиските извештаи